Врз основа на член 116 став 1 алинеја 5 и член 123 став 1 и 2 од Законот за заштита на децата((„Службен весник на Република Македонија" бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25) ), а во согласност со Одлука за објавување на Јавен оглас за избор на директор на ЈОУДГ „ Гоце Делчев' Општина Илинден бр.04-898/2 од 17.04.2026 година, донесена од Градоначалникот на Општина Илинден, Управниот одбор на ЈОУДГ „ Гоце Делчев" Општина Илинден објавува :

# Ј А В Е Н О Г Л А С

## За избор на Директор на ЈОУДГ „ Гоце Делчев" Општина Илинден

1. Услови кои треба да ги исполнува кандидатот за директор на јавна детска градинка утврдени во членот 120 и член 142 од Законот за заштита на децата:

**Општи услови:**

- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- да е физички и психички здрав,
- да го познава македонскиот јазик и кирилското писмо,
- да не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност,
- да не му е изречена казна со правосилна судска пресуда со која е осудено за кривично дело за семејно насилство, одземање на малолетно лице, негрижа или злоставување на малолетно лице или родосквернавење, за кривично дело од групата на дела против половата слобода, без оглед на изречената санкција и кај кое во согласност со закон е утврдено дискриминаторско однесување ;
- да исполнува и други услови утврдени во актот за внатрешна организација и систематизација на работните места.

**Посебни услови:**

Кандидатот за директор на јавна детска градинка покрај општите услови утврдени со закон и условите утврдени во членот 142 од Законот за заштита на децата потребно е да ги исполнува и посебните услови утврдени со член 120 став 2 од Законот за заштита на децата односно да има:
- високо образование (со стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршен VII1 степен) и ги исполнува условите утврдени во членот 136 од закон за заштита на децата за воспитувач, за стручен работник, за стручен соработник, лице со завршен филолошки факултет - наставна студиска програма и специјалистички студии за предучилишни педагози, правник, социолог и економист со високо образование (со стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршен VII1)
- минимум пет години работно искуство по дипломирањето,
- поседува еден од меѓународно признати сертификати или уверение за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години ТОЕФЕЛ ИБТ - најмалку 74 бода, ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода, ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку А2 (A2) ниво, ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен, БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода, односно АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2) или сертификат/уверение со кој се потврдува познавањето на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија, англиски, француски или германски и
-поседува важечка лиценца за директор за установа за деца;

2. Кандидатот за директор покрај општите и посебните услови утврдени ви точка 1 од овој оглас согласно член 120 став 4 од Законот за заштита на децата задолжително треба да достави програма за работа јавната детска градинка.

3. Дневното работно време на Директорот на установата е 8 часа од 08:00 до 16:00 часот односно 40 часа неделно;

4. Основната плата на Директорот изнесува 48.043 денари;

5. Со пријавата кандидатите треба да ги достават следните документи:

-Кратка биографија:
-Уверение за државјанство,
-Лекарско уверение,
-Потврда дека не е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност( не постара од 6 месеци);
-Потврда дека не е изречена казна со правосилна судска пресуда со која е осуден за кривично дело за семејно насислство, одземање на малолетно лице, негрижа или злоставување на малолетно лице или родосквернавење, за кривично дело од групата на дела против половата слобода, без оглед на изречената санкција и кај кое во согласност со закон е утврдено дискриминаторско однесување( не постара од 6 месеци;
-Диплома за завршено соодветно високо образование,
-Потврда за работно искуство,
-меѓународно признат сертификат за познавање англиски јазик или сертификат/уверение со кој се потврдува познавањето на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија, англиски, француски или германски;
- Важечка лиценца за директор на установа за деца;
- Програма за работа на детската градинка;

6. Јавниот оглас ќе трае 5 работни дена од денот на објава во дневните весници не сметајќи го денот на објава.
7. Пристигнатите документи ги прегледува тричлена комисија избрана од управниот одбор на ЈОУДГ „ Гоце Делчев“ Општина Илинден;
8. Управниот одбор врши интервју со пријавените кандидатите кои ги исполнуваат условите а изборот ќе се изврши од страна на Градоначалникот во рок од 15 дена сметано од денот на добивањето на предлогот доставен од Комисијата за спроведување постапка за избор на директор.
9. Потребните документи наведени во огласот да се достават во оригинал или копија заверена на нотар до Управен одбор на ЈОУДГ „ Гоце Делчев’ Општина Илинден адреса ул.534 бр.25 Марино или преку архивата ЈОУДГ „ Гоце Делчев“Општина Илинден со назнака „ за избор на Директор на ЈОУДГ „ Гоце Делчев“ Општина Илинден“ во период од 08:00 до 16:00 часот;

**ЈОУДГ „ Гоце Делчев“ Општина Илинден**
**Управен одбор**
**Претседател**
**Драгана Трајковска**